**Известување за концентрација со која Авенгиро с.р.о.Чешка ќе стекнат заедничка контрола над Авенга Холдинг ДОО Луксембург (предмет бр. 08-185/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Авенгиро с.р.о. (Avengiro s.r.o. ) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка, целосно контролирано од Арикома Груп Холдинг а.с. (Aricoma Group Holding a.s ) во сопственост на ККЦГ Групацијата (KKCG Group), има намера да стекне целосна контрола врз Авенга Холдинг ДОО (Avenga Holding S.à r.l.) со седиште на 26А Боулевард Ројал Л-2449 Луксембург.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Авенгиро с.р.о** е дел од Групацијата ККЦГ, приватна инвестициска групација со повеќе од 6.000 вработени, која работи во 18 земји примарно активна во следните области:

- забава и игри: работа на лотарии и игри за обложување, грепки и платформи за онлајн игри;
- нафта, природен гас и инженерство: особено, истражување на нафта и гас, производство и трговија, дупчење и поправка на бунари, изградба и работа на подземни складишта за природен гас, производство и продажба на метанол; во машинството, тој главно се фокусира на индустриски фитинзи, цевки за проводници, компоненти на канали и поставување цевки за изградба и реконструкција на инвестициски единици;
- технологија: обезбедување на ИТ услуги, инвестиции во технолошки старт-ап и истражување, развој и продажба на иновативни медицински помагала за да им се помогне на пациентите да останат активни и самодоволни (биотехнологии); и
- недвижен имот: комерцијален и станбен развој.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој

ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;

- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Авенга Холдинг ДОО е холдинг компанија на различни меѓународни правни субјекти (Авенга и нејзините подружници, заедно „Групација Авенга") обезбедува сложени софтверски инженерски услуги, испорака на сложени/големи софтверски проекти и ИТ консалтинг. Групација Авенга е со седиште во Германија и има свои главни канцеларии лоцирани во Германија, Полска, Украина, САД, Малезија, Малта и Аргентина.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар на услуги од информатичка технологија („ИТ") во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.01.2024 година
Скопје